РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ј.О.У.Д.Г. „РАХИЛКА ГОНЕВА“ - Свети Николе

Во врска со член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), член 22 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15,129/15, 167/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21), на член 134 став (6) од Законот за заштита на децата на („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/15) и Колективниот договор за јавните установи за деца во дејност згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 220/22 и 256/22), Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ - Свети Николе:

**ОБЈАВУВА**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 04/2023**

за вработување на две (2) помошно технички лица на неопределено време во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ - Свети Николе за следните работни места на ниво со шифра:

**1. ДЕЗ 04 01 А01 001 Хаусмајстор –** едно (1) лице на неопределено време со полно работно време

*Општи услови*

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување;

*Посебни услови*

- Средно образование
- Со и без работно искуство

*Распоред на работно време*

- Работни денови: од понеделник до петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време:
  - 07.00-15.00 часот

Паричен нето износ на плата: 22.568,00 денари Денари

напомена: Согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година, вработувања се предвидени за едно (1) лице Македонец

2. **ДЕЗ 04 05 А01 002 Магационер –** едно (1) лице на неопределено време со полно работно време

*Општи услови*

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да е физички и психички здрав;
- Да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или

родоскрвернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување;

*Посебни услови*

- Средно образование
- Со и без работно искуство

*Распоред на работно време*

- Работни денови: од понеделник до петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време:
  - 07.00-15.00 часот

Паричен нето износ на плата: 22.568,00 денари Денари

напомена: Согласно годишниот план за вработување на институцијата за 2023 година, вработувања се предвидени за едно (1) лице Македонец

Заинтересираните кандидатите треба да достават Пријава, со прилог потребна документација, оригинал или заверена на нотар:

- Диплома/свидетелство за завршено соодветно образование
- Лекарско уверение
- Уверение за државјанство
- своерачно потпишана изјава од кандидатот дека го познава македонскиот јазик и кирилското писмо
- доказ од надлежен суд дека на кандидатот не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност
- доказ од надлежен суд дека на кандидатот не му е изречен казна со правосилна пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскрвернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.

Рокот за пријавување изнесува пет (5) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот.

Комисија за селекција ќе спроведе проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас и веродостојноста на приложените докази во пријавата.

Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од 8 работни дена од денот на завршувањето на огласот.

Пријавата Кандидатите може да ја преземат од управата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ Свети Николе на адреса ул. „Кочо Рацин“ бр. 41 Свети Николе или електронски по мејл на rahilkag@yahoo.com.

Пријавата со потребната документација, кандидатите треба да ја достават во печатена форма во архивата на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“ - Свети Николе или по пошта на следната адреса:

Ј.О.У.Д.Г.„Рахилка Гонева“- Свети Николе
ул. „Кочо Рацин“ бр. 41 Свети Николе
(со назнака “за оглас 04/2023”)

Лице за контакт – Виктор Митевски тел. 076/436-767.
Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.

Постапката по јавниот оглас на пријавените кандидати ќе ја спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување.
Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева“
Свети Николе